Одговор: Одлуката за определување на коефициентите за утврдување на личните доходи, како и надоместоците и другите примања на функционерите и раководните работници што ги именува Уставниот суд на Република Македонија Су.бр.548/92 од 31 декември 1992 година не е во примена. Имено, после донесувањето на Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000), платите и надоместоците на платите на вработените во Уставниот суд на Република Северна Македонија се пресметуваа и исплатуваа согласно со одредбите од овој закон. Подоцна оваа материја беше уредена со Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2014).

Врз основа на член 89 алинеја 1 од тогаш важечкиот Деловник на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2019 256/2020 и 65/2021), од страна на Судот донесен е Правилник за плати на вработените во стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија бр.47/2021 од 20 јануари 2021 година.

Во моментот платите и надоместоците на плата на вработените во Уставниот суд на Република Северна Македонија се пресметуваат и исплатуваат согласно Правилникот за плати на вработените во службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија бр.1461/2024 од 25 ноември 2024 година.